И З В Р Ш И Т Е Л
Емилија Павловска
именуван за подрачјето
на Основниот суд
Штип и Свети Николе
ул.Ванчо Прке бр.121 лок.Кубус
тел. 032-613-009

Образец бр.66

И.бр. 242/2017

Извршителот Емилија Павловска од Штип, ул.Ванчо Прке бр.121 лок.Кубус врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Комерцијална Банка АД Скопје со ЕДБ 4030989254937, ЕМБС 4065573 и седиште на ул.Орце Николов бр.3, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.965/15 од 21.10.2015 година на Нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип, против должникот БМС Империум МН Дооел во стечај од Штип со ЕДБ 4029995112968, ЕМБС 5010837 со седиште на ул.Брегалничка бр.58 Штип, преку стеачен управник Младен Василев од Скопје и спрема должникот Мите Николов со живеалиште на ул.Ацо Карам анов бр.15 Скопје, за спроведување на извршување во вредност од 127.118.035,00 денари, на ден 27.04.2022 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА

(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на 2/5 идеални делови од невижноста недвижноста запишана во имотен лист број **имотен лист број 2118 за КО Ново Село Штип** со ознаки:
-КП бр.20/32, мв Герен, култура зз н, класа 4, површина 15486;
-КП бр.20/5, мв Герен, култура н, класа 4, површина 9058;
-КП бр.20/62, мв Герен, култура н, класа 4, површина 4840,
во сопственост на должникот Мите Николов.

Продажбата ќе се одржи на ден 19.05.2022 година во 12.00 часот во просториите на извршителот Емилија Павловска од Штип.

Почетната вредност на недвижноста (2/5 во сопственост на Мите Николов), утврдена со заклучок на извршителот од 27.04.2022 година, изнесува 101.275,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста не е оптоварена со други товари и службености. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.200002348771863 која се води кај Стопанска банка АД Скопје, најдоцна еден ден пред преодажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 10 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во весникот Нова Македонијаи и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Емилија Павловска

Д.-на: доверител
должник
Град Штип - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

Правна поука: Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Штип согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.